# ВОВЕД

Менаџирањето со човечките ресурси, како под систем на целокупниот менаџмент на претпријатието, има голема и комплексна задача, од една страна, заради специфичноста на луѓето и нивните елементарни улоги во претпријатието, а од друга страна поради динамичноста на промените во потесното и поширокото работно опкружување и нивното влијание врз извршување на активности во управувањето со човечките потенцијали. За поефикасно извршување на својата функција, менаџерите ја разгледуваат целокупноста на овие екстерни и интерни влијанија на активностите и им пристапуваа како на предизвици, заради овозможување на поефикасно извршување на својата функција, обезбедувајќи го претпријатието со работен колектив, кој ќе допринесе до зголемување на конкуретноста и ефикасноста.

Соочувањето со предизвиците е реална неизбежност која на оделението за човечки ресурси му се наметнува како барање за проактивна стратегија т.е. постоење на свест за општествено, организациско и професионално опкружување на кое влијае и соодветното делување на сите промени и трендови кои ги носи современото време, а за цел има, ефикасно изавршување на активностите за вработување, бенефиција, развој, обука и однос со вработените.

Во рамките на менаџирањето со човечките ресурси, стратегискиот пристап подразбира следење на работната сила како еден од клучните фактори за успех во работењето, каде сите вработени еднакво се третираат, од обичен работник до највисоките нивоа на менаџментот, во сите постапки поврзани со привлекувањето, мотивирање, селекција, обука, наградување и понатамошно усовршување.

Исто така се истакнува и меѓусебната поврзаност на човечките ресурси и работната стратегија- човечките ресурси имаат посебно важна улога во утврдувањето и спроведувањето на работната стратегија, но и работната стратегија влијае врз состојбата и промените во рамките на човечките ресурси.

Ученичкиот и студенскиот стандард е организирана дејност со која во областа на образованието се обезбедуваат додатни услови за подостапно, поефикасно и поквалитетно образование на учениците и студентите.

Ученичкиот и студентскиот стандард има за цел создавање на материјални, културни, социјални, здравствени и други услови со кои се постигнува здобивање на образование и сестран развој на личноста на ученикот и студентот. Дејноста во областа на ученичкиот и студенскиот стандард ја извршуваат институциите на ученичкиот и студенскиот стандард.

Во институциите на ученичкиот и студенскиот стандард, учениците, односно студентите ги остваруваат своите права и тоа: право на сместување и исхрана, воспитен ред за учениците, одмор и опоравување, како и на културни, уметнички, забавни, спортски и рекреативни активности и информирање.

Основна определба во областа на ученичкиот и студенскиот стандард на која се темели вкупната политика на Министерството за образование-Сектор за ученички и студенски стандард во наредниот период, покрај натамошното подобрување на квалитетот, е насочено кон рационална и реална организација на функцијата на системот на ученичкиот и студенскиот стандард, со посебен акцент на улогата на институцијата . Тоа подразбира соодветен однос на институциите и корисниците на нивните услуги базиран на елементите на квалитет и ефикасност, низ прифаќање на социјалниот аспект и пазарен концепт на функционирање.

Институциите на ученичкиот стандард се:[1]

1) дом за ученици - за остварување на правата на учениците за сместување, исхрана и воспитен ред;

Право на воспитен ред има ученикот кој го остварил правото на сместување и исхрана во институцијата.

Воспитниот ред се остварува врз основа на воспитната програма која се донесува во согласност со Законот.

2) ученички центар - за остварување на правата на ученикот за сместување, исхрана, воспитен ред и одмор;

3) ученичко одморалиште - за остварување на правата на ученикот за одмор и опоравување;

4) ученички културен центар - за остварување на правата на ученикот за културнни, уметнички, забавни, спортски и рекреативни активности, како и поради информирање на ученикот.

Со цел за постигнување подобар успех во учењето и соодветен развој на личноста на ученикот, односно студентот, институцијата организира уметнички, културни, забавни, спортски и рекреативни активности за учениците и студентите, а во согласност со воспитниот ред.

Основната определба во областа на ученичкиот и студенскиот стандард на која се темели вкупната политика на Министерството за образование- Сектор за ученички и студенски стандард во наредниот период, покрај понатамошното подобрување на квалитетот е насочена кон рационална и реална организација на функцијата на системот на ученичкиот и студенскиот стандард, со посебен акцент на улогата на институцијата. Тоа подразбира соодветен однос на институциите и корисниците на нивните услуги базиран на елементите на квалитет и ефикасност, низ прифаќање на социјалниот аспект и пазарниот концепт на функционирање.

Институции на студенскиот стандард се:[2]

1) студенски центар - за остварување на правата на студентите за сместување и исхрана;

2) студенско одморалиште - за остварување на правата на студентите за одмор и опоравување;

3) студенски културен центар и дом на култура - за остварување на правата на студентите за културни, уметнички, забавни, спортски и рекреативни активности, како и поради информирање на студентите.

Човечките ресурси завземаат централно место во стратешкото работење на секое претпријатие, кои во процесот на глобализација и експанзија на квалитетот, со многу големи и брзи промени во филозофијата на работење и менаџирање настојуваат да се оствари максимална продуктивност преку минимални трошоци.

Како резултат на тие промени, менаџирањето со човечките ресурси е соодност на новата филозофија и пракса на менаџментот. Луѓето, човечките ресурси, менаџирањето со човечките ресурси несомнено се клучни зборови и доминантна преокупација на современите менаџери и организации.

Квалификациската структута и потребниот број на вработени за успешно извршување на работите во институциите на ученички и студенски стандард е во

[1] Zakon o učeničkom i studentskom standardu, "Službeni glasnik RS" br. 18/10 od 26.03.2010.godine
[2] Zakon o učeničkom i studentskom standardu, "Službeni glasnik RS" br. 18/10 od 26.03.2010.godine

директна зависност од стручноста и способноста на менаџментот, како и од квалитетот на технологијата која се применува. Колку е поstručен и поспособен менаџментот и колку е посовремена технологијата, потребен е помал број на вработени со помала стручност и квалификација и обратно, а колку е понестручен и понеспособен менаџментот и колку е попримитивна технологијата, потребен е поголем број вработени со поголем степен на квалификација.

Современите, стручни и способни менаџери, ориентирани кон пазарот, воедно се тренери и учители на своите вработени кои тие ги регрутираат, извршуваат нивна селекција, постојано ги тренираат, распоредуваат на соодветни работни задачи, ги организираат за тимска работа и ги мотивираат за работа.

Со систематско согледување на степенот на искористеноста на човечките ресурси во ученичкиот и студенскиот стандард, како може да се постигне нивна подобра организација, да се постигне поголем економски ефект, како и побрз развој на институциите.

Примарната цел на овој труд е да одговори на многу прашања поврзани со управувањето и менаџирањето со човечките ресурси во функција на квалитетот во управувањето со организцијата, а има за цел остварување на позитивни деловни резултати.